# СО ТРИДИМЕНЗИОНАЛЕН АВТОАКТ ВО КВАДАР, САРА ПЕТРОВ Е ПРВИОТ ДИПЛОМЕЦ НА ЛИКОВНАТА АКАДЕМИЈА ВО ШТИП

20 јануари , 2019 | Дизајн, Насловна

Штип, (СМАРТ СДК.МК)



*Ова е мој прв автопортрет, но по дипломирањето ќе се задржам на портрети на други и на класичното реалистичко сликарство, вели Петров (Фото: МетеоМакс)*

Штипјанката Сара Петров е првиот дипломец на Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев " во Штип. Таа дипломираше класично сликарство во класата на руските уметници, професорите Викторија и Игор Егорови, кои пред пет години кога се формираше Академијата, се преселија во Македонија од Москва.

Непосреден ментор ѝ беше уметницата Јана Јакимовска, која на Сара ѝ била прва професорка и која за неа при дипломирањето рекла дека е штета што нема повисока оценка од 10.



*За Сара Петров предизвик било на платна да стави автоакт во квадар, кој ќе ротира и каде било да биде изложен, ќе биде достапен на публиката со сите негови страни (Фото: СМАРТ СДК.МК)*

Скромната Сара ни рече дека првин имала желба да студира сликарство во Скопје, но од финансиски причини не можела да го направи тоа.

„Обожавам да има малку адреналин во она што го работам, па затоа не сакав моите слики да бидат на штафелај или само закачени на ѕид, туку да формираат некаков објект. Сакајќи да создадам нешто ново и уникатно, решив тоа да биде еден мој автоакт. Но, не обичен, туку во форма на тридимензионален објект. Врз основа на мои фотографии, на платно се пренесов себеси и тоа на квадар, кој може да ротира, па гледачите во статична позиција можат да го набљудуваат делото", вели Петров.



Конструкцијата на квадарот во која се сместени автоактите е со димензии 124,5 со 84,5 сантиметри. Таа е од масивен материјал од метал и дрво и во целина, конструкцијата делува како сликите да имаат своја рамка и се прицврстени со механички дел, кој овозможува непрекината спора ротација во просторот.

***Т. ЈОВАНОВСКИ***

## ПОВРЗАНИ ВЕСТИ



УНГАРИЈА Е ЗЕМЈАТА ВО ФОКУС НА НЕДЕЛАТА НА ДИЗАЈН ВО СКОПЈЕ
22 ноември , 2017



МИКИ МАУС ДОБИ АФРИКАНСКИ ИЗГЛЕД ЗА 90. РОДЕНДЕН
1 октомври , 2018



„ЛЕГО" ОД МИЛИОН КОЦКИ НАПРАВИ „БУГАТИ ШИРОН" ШТО ВОЗИ
31 август , 2018



РИЈАНА СО НОВА КОЛЕКЦИЈА ДОЛНА ОБЛЕКА ВО ЊУЈОРК – ДИВИНА И УБАВИНА
13 септември , 2018

ПРЕБАРУВАЈ ...

*Викај ме грне, само не криши ме.*
*- Народна поговорка-*

## САКАМ ДА КАЖАМ



### 40 КАФЕАНИ

Од Горан Михајловски

Е па, добро. Еве, се заврши оваа работа со името. И Законот за јазици се објави во Службен весник. Се [...]

Sak... 40 ... SOUNDCLOUD 4:49
Cookie policy

ДА ЗБОРИМЕ ЗА СЕКС

СЕКСОТ ОД ПОРНО ФИЛМОВИ НЕ ОЧЕКУВАЈТЕ ДА ВИ СЕ СЛУЧИ ВО РЕАЛНОСТА
25 јуни , 2018

УПОТРЕБУВАЈТЕ ЛУБРИКАНТИ ЗА АНАЛЕН СЕКС
29 мај , 2018

ЧОКОЛАДОТО И АЛКОХОЛОТ СЕ МЕЃУ ТОП 4-ТЕ АФРОДИЗИЈАЦИ ЗА ПОДОБАР СЕКС
22 април , 2018

НАЈДЕТЕ ЈА Г-ТОЧКАТА ЗА СЕКСУАЛЕН ЗЕМЈОТРЕС
23 март , 2018

НЕ СРАМЕТЕ СЕ ДА ИМАТЕ СЕКС И ЗА ВРЕМЕ НА МЕНСТРУАЦИЈА
26 февруари , 2018

Smart SDK.MK
7.745 допаѓања
Ми се допаѓа
Испрати порака
Ова им се допаѓа на 28 пријатели

Уредник: Горан МИХАЈЛОВСКИ
Здружение Сакам да кажам
Рузвелтова 70, 3-3, Скопје
Поштенски фах: 367
Емаил: **sdk@sdk.mk**

©SDK.MK Крадењето авторски текстови е казниво со закон. Преземањето на авторски содржини (текстови и фотографии) од оваа страница е дозволено само делумно и со ставање хиперлинк до содржината што се цитира.

© 2017 Сакам Да Кажам. Сите права задржани © 2017 Sakam da kazham | All rights reserved. | Hosting and Development by MSP